ПРАВИЛА ЗА ЈАВЕН НАГРАДЕН КОНКУРС
„Енергетска ефикасност во домаќинствата”
(во натамошниот текст: Правила)

ЧЛЕН 1: ОРГАНИЗАТОР

Организаторо на конкурсот се Центарот за истражување и информирање за животната средина Еко-свест, со седиште на ул. Св. Климент Охридски бр.30-1/6, 1000 Скопје, матичен број 5690552, во соработка со Општина Куманово (во понатамошниот текст: Организатори).

Организаторите во рамки на наградна кампања за енергетска ефикасност, го организираат овој јавен награден конкурс, во склоп на проектот „Декарбонизација на енергетскиот сектор во Македонија“, финансиски поддржан од Европската климатска фондација, а спроведуван од Центарот за истражување и информирање во животната средина Еко-свест. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на донаторот на проектот.

Јавниот награден конкурс се спроведува на веб-страницата со домен www.ekosvest.com.mk, каде ќе бидат објавени правила за учество. Дополнително, конкурсот може да биде објавен и промовиран преку дигиталните канали и на Општина Куманово.

Со учество на овој јавен награден конкурс, учесниците ги прифаќаат овие Правила:

ЧЛЕН 2: ВРЕМЕТРАЕЊЕ И ТЕРИТОРИЈА НА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ НАГРАДЕН КОНКУРС

Наградниот јавен конкурс ќе се одржи во периодот од 12.10.2026 година до 10.11.2026 година во траење од 4 недели, на територијата на Општина Куманово, преку веб-страницата www.ekosvest.com.mk.

ЧЛЕН 3: ЦЕЛ И ПОЈАСНУВАЊЕ НА НАГРАДНИОТ ЈАВЕН КОНКУРС

Секој граѓанин на Општина Куманово (со адреса на живеење во општината по лична карта) кој ќе одлучи да учествува во јавниот награден конкурс **„Енергетска ефиксаност во домаќинствата”** потребно е да **испрати/прикачи фотографии и/или кратко видео со информации за мерки за енергетска ефикасност во** домаќинството и кои се придобивките, вклучително и постигнатите економски, социјални и еколошки придобивки, доколку ги има) **и да о**бјави на Facebook/Instagram со хаштаг: **#ЕнергетскаЕфикасност, тагирање на Еко-свест (ФБ @Eko.Svest.MK, Insta @ekosvest) и тагирање на најмалку еден пријател.**

На тој начин учесниците ќе покажат дека веќе ја препознаваат важноста од преземање директни и лични мерки за енергетска ефикасност и придобивките кои тие ги носат при одговорно користење на енергијата, намалување на трошоците на домаќинствата и заштитата на животната средина.

ЧЛЕН 4: ВИД НА НАГРАДА КОЈА ЈА ОБЕЗБЕДУВААТ ОРГАНИЦАТОРИТЕ

Учесниците во јавниот награден конкурс кои ќе бидат наградени врз основа на одредбите од овие Правила имаат можност да ги добијат следните награди:

- една главна награда – ваучер за топлинска изолација на ѕидови во вредност од 40.000,00 денари;
- 10 награди за тагнување (ЛЕД светилки, мерачи за потрошувачка на електрична енергија, паметни приклучоци).

ЧЛЕН 5: УЧЕСТВО ВО ЈАВНИОТ НАГРАДЕН КОНКУРС

Право на учество ќе има секој граѓанин со адреса на живеење по лична карта во Општина Куманово, односно сите физички лица.

Правни лица и групи/организации на граѓани немаат право на учество.

Исто така, право на учество на јавниот награден конкурс немаат вработените кај Организаторите (Центарот за истражување и информирање за животна средина „Еко- свест“, Општина Куманово), како и членовите на потесниот круг на нивните семејства.

На јавниот награден конкурс се учествува со испраќање/ прикачување на фотографии или видео **со информации за мерки за енергетска ефикасност** во домаќинството на веб-страницата www.ekosvest.com.mk изработена од Организаторот за потребите на јавниот награден конкурс, јавно достапна, каде покрај формулар за учество, ќе бидат објавени и сите информации за јавниот конкурс, правилата за учество, жири комисијата, но и галерија со фотографии или видеа од наградените учесници на овој јавен конкурс.

Покрај фотографите или видеото и краткиот опис, секој учесник ќе треба да остави свои лични податоци, односно име и презиме, град на живеење, телефонски број и e-mail адреса.

На јавниот награден конкурс право да учествуваат имаат оние кои ги прочитале, а притоа и се согласиле со Правилата за учество, целта на јавниот конкурс и начинот на доделување на наградите, опишани во овој Правилник.

Еден учесник може да учествува само еднаш за времетраење на јавниот награден конкурс со испраќање/прикачување на фотографии и/или видео од едно домаќинство и може да освои само една награда.

ЧЛЕН 6: ИЗБОР И ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПОБЕДНИЦИТЕ

Изборот на победниците ќе се прави согласно претходно утврдените критериуми од страна на 3 (три) члена комисија (претставник од секоја од Организаторите кои ја реализираат јавната наградна кампања), како и еден независен надворешен експерт по енергетика или енергетска ефикасност.

Согласно критериумите за избор, комисијата ќе треба да одбере 1 победник за најдобри мерки за енергетска ефикасност во домаќинството и десет наградени учесници.

Критериуми за избор:

- јасно документирани една или повеќе мерки за енергетска ефикасност во домаќинството кое се пријавува;
- придружна информација која ги објаснува илустрираните мерките за енергетска ефикасност;
- обем на преземените мерки за енергетска ефикасност;
- јасно демонстрирани економски, социјални и/или еколошки придобивки од преземените мерки;
- можност за реплицирање или скалирање на чпријавените мерки;
- видливо тагирање на Еко-свест и најмалку еден пријател.

По завршувањето на јавниот награден конкурс, во рок од 3 (три) дена Комисијата ќе ги избере наградените учесници.

Во рок од 3 (три) дена, од денот на изборот на наградените пријави од страна на комисијата, наградените учесници ќе бидат известени, со добивање на покана за присуство на завршен настан во заедничка организација на Општина Куманово и Еко-свест, каде ќе им бидат доделени наградите и ќе бидат официјално промовирани во јавноста.

Завршниот настан, на кој ќе бидат доделени наградите на избраните учесници ќе се одржи на дополнително утврден датум во простории на Општина Куманово.

ЧЛЕН 7: ПОДИГНУВАЊЕ НА НАГРАДИТЕ

Наградените учесници ќе ги подигнат наградите на завршниот настан организиран од страна на Организиаторите на допоплнително утврден датм во простории на Општина Куманово, за кој нааденине ќе добијат уредна покана за присуство. Покрај тоа, Организиаторите ќе ги објави сите информации за завршниот настан на нивните веб-страници и дигитални канали.

Наградените учесници се обврзани да одговорат на испратената покана и да го потврдат своето присуство. Краен рок за давање на одговор на поканата и потврдување на присуството на завршниот настан е тридена пред заврзкниот настан.

По истекот на овој рок Организаторите го задржуваат правото да не ја доделат наградата до награднот учесник.
Учесниците што учествуваат на јавниот награден конкурс не можат да бараат награда во поголема количина или други награди од оние што се наведени во овие Правила од страна на Организаторите.

Освоените награди не може да се заменат со други производи или во парична вредност, ниту да се пренесат на друго лице.

Евентуалните трошоци за учество или преземање на наградата, доколку се освои, ги сносат самите учесници на наградниот јавен конкурс.

Наградените учесници, при преземање на наградите, потпишуваат записник и ги пополнуваат податоците за име, презиме, телефонски број и e-mail адреса, со што потврдуваат дека ја преземале наградата.

Од моментот на подигнување на наградата завршуваат сите обврски за Организаторите.

Наградата нема да биде доделена на награднеиот учесник доколку тој/таа не достави валиден документ за лична идентификација (лична карта или пасош) при подигање на наградата.
Награден учесник не може да биде малолетно лице, што е во согласност со условите за учество на јавниот награден конкурс наведени во овие Правила.

ЧЛЕН 8 : ГРЕШКА И НЕРЕГУЛАРНИ ПРИЈАВУВАЊА

Ако во текот на и по завршувањето на јавниот награден конкурс се покажат неправилности во однесувањето на учесниците, односно да се покаже разумно сомневање дека истите постапиле на начин кој не е дозволен според овие правила (на пример: користел лажни податоци, прикачил фотографија повеќе пати користејќи лажни податоци), Организаторите го задржуваат правото да го дисквалификува учесникот и да не ја доделат наградата, доколку во меѓувреме учесникот ја освоил.
Исто така, Организатороите го задржуваат правото да не доделат награда доколку:
- Награднеиот учесник не ги исполни условите за преземање на наградата;
- Се појави сомнеж за точноста на податоците;
- Награднеиот учесник не ги достави своите правилни податоци;
- Награднеиот учесник не одговори на испратената покана;
- Се утврди дека учесникот на јавниот награден конкурс учествувал спротивно на овие правила;
- Во останати случаеви кога доделувањето на наградата не би било можно или законски.

Одлуките на Организаторите се финални и не е дозволена жалба на резултатите.

ЧЛЕН 9: МОЖНОСТ ЗА ПРЕСТАНОК НА НАГРАДУВАЊЕТО

Организаторите го задржуваат правото да ги променат правилата на јавниот награден конкурс и/или да го прекинат, без образложувањето на причината, притоа известувајќи ги учесниците со известување на својата веб-страница.

ЧЛЕН 10: ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ НА УЧЕСНИЦИТЕ

Сите лични податоци се заштитени во склад со важечките прописи за заштита на личните податоци.
Учесниците во јавниот награден конкурс се јасно согласни дека Организаторите може да ги користи личните податоци кои учесниците ги обезбедиле, исклучиво за потребите на овој јавен конкурс.
Доставените лични податоци на учесниците во јавниот награден конкурс, Организаторите ќе ги користат исклучиво за контактирање на наградените учесници и поради спроведување на јавниот награден конкурс, а Организаторите се обврзуваат да ги обработуваат и чуваат овие информации во тајност во согласност со Законот за заштита на личните податоци.

ЧЛЕН 11: ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ

Сите материјали кои се дел од јавниот награден конкурс се ексклузивно право на сопствениците на истиот, и можат да се користат единствено со одобрение на носителот на авторските права и на носителите на правото на трговските марки и/или индустриските дизајни и/или други права

од интелектуална сопственост. Забранета е било каква дистрибуција, пренос, копирање, објавување или пак на било кој начин користење на материјалите на јавниот награден конкурс кои се во сопственост на Организаторите, трговските марки, брендот и ознаките на Организаторите без претходна изречна согласност за тоа од страна на Организаторите. Секакво кршење на овие Правила, со што може да се случи повреда на авторските права, правото на трговска марка или било какво друго право не е дозволено. Учесникот во јавниот награден конкурс не смее и нема право да поставува или да објавува било каков материјал што подлежи на авторско право, право на трговска марка или пак на други права од интелектуална сопственост, без претходно изречно одобрение од носителот на тие права. Учесникот е во потполност одговорен за штетата која може да настане со повредата на авторските права, правото на трговска марка или пак на други права од интелектуална сопственост, како и за било какви проблеми настанати како последица на објавување на таков материјал.

ЧЛЕН 12: ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТА

Учеството на јавниот награден конкурс е исклучиво на лична одговорност на секој учесник. Организаторите во никој случај не гарантираат за последиците кои можат да настанат со учество на јавниот награден конкурс, како ни за сигурноста, точноста или пак содржината на било која информација или услуга дадена на јавниот награден конкурс. Организаторите на јавниот награден конкурс не подлежат на одговорност за било каква штета или повреда настаната при грешка, прекин, дефект, доцнење на преносот, компјутерски вирус, прекин на комуникациската линија, неовластен пристап, кражба, злоупотреба на записите и податоци од трети лица или било какво несоодветно однесување или друг технички проблем. Учесникот недвосмислено потврдува и е согласен дека Организаторите на јавниот награден конкурс не се одговорни и не можат да носат одговорност за било какво навредливо, несоодветно или пак противзаконско однесување на другите учесници или пак на трети лица и дека ризикот од штетата што би можела да настане како последица на горенаведеното во потполност ја презема учесникот. По никаков основ Организаторите на овој јавен награден конкурс како и било кое друго физичко или правно лице кое било вклучено во создавањето, дистрибуирањето и/или функционирањето на јавниот награден конкурс, нема да бидат одговорни за било каква штета која би можела да настане како последица на користењето или пак неможноста за учество на јавниот награден конкурс. Организаторите на јавниот награден конкурс не сносат одговорност за било каква грешка, погрешна информација или за било кои други недостатоци во врска со информациите поврзани со овој јавниот награден конкурс, како и за било какво доцнење или пак прекин во преносот на информациите до учесникот, за какво било побарување или загуба што настанале од тоа. Организаторите на јавниот награден конкурс имаат целосно право да вршат надзор над начинот на кој учесниците постапуваат и објавуваат материјали, со цел да се обезбеди усогласеност со и почитување на овие Правила за учество, како и усогласеност со позитивната законска регулатива.

Изразените ставови и мислења се на организацијата и Организаторите кои го спроведуваат проектот и јавниот награден конкурс и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на донаторот.